**20222854294**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 48 точка 3 од Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 67/92, 20/03, 46/04, 19/07, 84/08, 51/11, 135/11, 154/15, 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 302/20, 122/21 и 67/22), министерот за внатрешни работи донесе

## УПАТСТВО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ПАСОШ И ЗАЕДНИЧКИ ПАСОШ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КАКО И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВИЗИ НА ТИЕ ПАСОШИ

Член 1

Во Упатството за начинот на издавање на пасош и заеднички пасош на државјаните на Република Северна Македонија како и постапката за издавање на визи на тие пасоши („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/94, 40/07, 5/09, 75/10 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 185/21), во член 2 по ставот 1 се додаваат два нови ставови 2 и 3, кои гласат:

„Барањето од ставот 1 на овој член, може да се поднесе и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно закон.

Во случај кога барањето од ставот 1 на овој член, се поднесува во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, образецот на барањето е во електронски формат согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи електронската идентификација и доверливите услуги.“

Член 2

Во членот 3 зборовите „При приемот на барањето за издавање на пасош или барањето за издавање на“ се заменуваат со зборовите „Во постапката за издавање на пасош,“.

Член 3

Во член 13 во ставовите 1 и 2 зборовите „поднесување на барањето“ се заменуваат со зборовите „земањето на податоци за биометриските карактеристики на имателот на патната исправа“.

Член 4

Членот 17 се менува и гласи:

„Родителот, односно старателот за патување во странство на лице помладо од 14 години, кое патува со други лица во смисла на член 7 од Законот, поднесува барање за согласност за патување во странство, кое ги содржи следните податоци: име и презиме на родителите/старателите, живеалиште, број на пасош/лична карта, орган кој го издал пасошот/лична карта, датум на издавање, име и презиме на детето, датум и место на раѓање, број на пасош, орган кој го издал пасошот, место и датум на издавањето на пасошот, име и презиме на лицето со кое детето ќе патува, орган кој го издал пасошот, име и презиме, живеалиште, број на пасош/лична карта, орган кој го издал пасошот/лична карта, датум на издавање, земја во која ќе патува и потпис на родителите/старателите (прилог: 2).

Писмената согласност од ставот 1 на овој член ги содржи следните податоци: име и презиме на детето, датум и место на раѓање, живеалиште и земја во која ќе патува, име и презиме, живеалиште, број на пасошот на лицето со кое детето ќе патува, орган кој го издал пасошот, место и датум на издавањето на одобрението (прилог: 2- а).“

Член 5

Во член 26 во ставот 1 се додава нова втора реченица, која гласи:

„Барањето од надлежниот суд или орган може да се поднесе и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно закон.“

Член 6

Прилогот бр. 2 се заменува со нов Прилог бр. 2 кој е даден во прилог и е составен дел на ова упатство.

По Прилогот бр. 2 се додава нов Прилог бр. 2-а кој е даден во прилог и е составен дел на ова упатство.

Член 7

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2023 година.

Бр. 13.1.1-129467/1
27 декември 2022 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.

**Прилог бр. 1**

# БАРАЊЕ
(согласност за патување во странство)

Ние родителите (татко): ____________________________________,
(име и презиме родител-старател; татко)
од ______________________________, со стан на ул. „ ______________________________,
(живеалиште)
бр. ______________„ со број на лична карта/патна исправа ______________ издадена на
______________ од ______________________, и
(дата на издавање) (орган на издавање)
(мајка) ______________________________, од ______________________________,
(име и презиме родител-старател; мајка) (живеалиште)
со стан на ул. „ ______________________________ бр. ______________ „ со број
на лична карта/патна исправа ______________ издадена на ______________ од
(дата на издавање)
______________________, како родители:
(орган на издавање)

ја даваме нашата согласност;
нашиот малолетен (син - ќерка) ____________________________________,
(име и презиме на детето)
роден-а ______________ година во ______________ од ______________________________,
(живеалиште)
со стан на ул. „ ______________________________ бр. ______________ „ со број на патна
исправа ______________ издадена на ______________ од ______________________,
(дата на издавање) (орган на издавање)
може да патува без наше присуство со лицето;
______________________________, од ______________________________,
(име и презиме на лице со кое ќе патува) (живеалиште)
со стан на ул. „ ______________________________ бр. ______________ „ со број
на лична карта/патна исправа ______________ издадена на ______________ од
(дата на издавање)
______________________, во странство (надвор од земјата Република Северна Македонија)
(орган на издавање)

______________________.
(држава)

Изјавиле согласни родители:

______________________________ ______________________________
(име и презиме родител-старател) (име и презиме родител-старател)

______________, 20 год.
Скопје

**Прилог бр. 2**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Оддел за граѓански работи
Сектор за управно-надзорни работи
Одделение за управни работи Скопје

УП. бр. 12.1.4.1 - 2/1 - ____________

____________ год.
Скопје

# ОДОБРЕНИЕ

Со кое одобруваме нашето дете (син-ќерка) ____________________
роден-а ____________ година во ____________ со стан на ул. ____________
бр. ____________, да може да патува во странство ____________________
(држава)
во придружба со ____________________ од ____________
(име и презиме на лицето со кое ќе патува)
ул. ____________________, бр. ____________ носител на патна исправа број ____________ издадена ____________ од ____________
(дата на издавање) (орган на издавање)

СОГЛАСНИ РОДИТЕЛИ:

____________________ ____________________
(име и презиме родител-старател) (име и презиме родител-старател)

____________________ ____________________
(број на лична карта и орган кој ја издал) (број на лична карта и орган кој ја издал)

____________________
место

____________________ М. П. ____________________
дата заверувал